ДЕЛОВОДСТВО / stamp:
Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0102-913/1
03.12. 20 24 год.
Радовиш

# ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ


ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
[illegible] 2420 Радовиш
[illegible]
Телефон/факс [illegible]
[illegible]


ПЛАВАЈА
РАДОВИШ

Врз основа на член 7 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ број [illegible]1/08) ЈП Плавaја Радовиш изготви

## Предлог П Р О Г Р А М А

## за управување и одржување на градските гробишта во општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2025 година

Ноември 2024 година
Радовиш

# ВОВЕД

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за Гробишта врши дејности во оваа област  и тоа  во градот Радовиш и во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои ќе се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална инфраструктура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е час побргу во текот на 2024 година да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели. Исто така е потребно да се обезбеди и дополнителен паркинг простор за потребите на граѓаните, а исто така и изградба на нова капела во горна зона на гробиштата како и пристапен пат. Овие работи ЕЛС при Општина Радовиш треба да ги планира на терет на буџетот на општина Радовиш за 2024 година и истите да ги реализира надвор од оваа програма.

Поради недостиг на доволни информации за гробиштата од другите населени места кој со одлука на совет се доделени на користење и управување на ЈП Плаваја, оваа програма ке ги опфати само основните предвидени работи и активности за кој сметаме дека се доволни.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за Гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2025 година ги предвидува следните активности:

1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад
2. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки
3. Административни работи

## I Планиран Расход

1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад

А.За одржување на комуналната хигиена, зеленило со косење и кастрење потребен е ангажман од работници прикажан во табела бр.1:

Табела бр.1

| Ред.бр. | локација | Денови на интервенција | Човечки ресурси | дневница | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 250 | 4 | 2 120,00 | 2 120 000,00 |
| 2. | с.Раклиш | 52 | 2 | 2 120,00 | 220 480,00 |
| 3. | с. Ораовица | 52 | 2 | 2 120,00 | 220 480,00 |
| 4. | с.Јаргулица | 52 | 2 | 2 120,00 | 220 480,00 |
| 5. | с. Покрајчево | 52 | 2 | 2 120,00 | 220 480,00 |
| ВКУПНО: 3 001 920,00 ден. | | | | | |

Б. За извршување на активностите, потребни се средства за набавка на потрошни материјали прикажани во табела бр. 2 и тоа:

Табела бр.2

| Ред. бр. | локација | Гориво (литар) | Цена | 1:Вкупно | Масло (литар) | Цена | 2:Вкупно | Конец ед.мер метар | Цена | 3:Вкупно | СЕ вкупно 1+2+3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски гробишта | 150 | 100,00 | 15.000,00 | 20 | 250,00 | 5.000,00 | 1200 | 10,00 | 12.000,00 | 32.000,00 |
| 2. | с.Раклиш | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 250,00 | 2.500,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 14.500,00 |
| 3. | с. Ораовица | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 250,00 | 2.500,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 14.500,00 |
| 4. | с.Јаргулица | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 250,00 | 2.500,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 14.500,00 |
| 5. | с. Покрајчево | 60 | 100,00 | 6.000,00 | 10 | 250,00 | 2.500,00 | 600 | 10,00 | 6.000,00 | 14.500,00 |
| | | | | | | | | | | Вкупно: 90.000,00ден. | |

В:Собирање и транспорт на комунален отпад ЈП Плаваја ке врши од гробиштата што се доделени на управување од страна на советот на општина Радовиш и тоа: градските гробишта во Радовиш и гробиштата во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, и Покрајчево и тоа 3 до 4 пати во текот на годината и за изведување на истата се потребни следните средства:

12 камионски тури x 4 пати = 48 тури x 1300,00 ден = 62 400,00 ден.
Работа на Скип 12 часа x 4 пати = 48 часа x 3 000,00 ден = 144 000,00 ден.
Човечки ресурси 8 дена x 3 работника x 2 120,00,00 = 55 200.000,оо ден.

Вупно за собирање и транспортирање на комунален отпад се потребни средства во износ од 261 600,00 денари.

Вкупно за реализација на овие активности прикажани во (А+Б+В) табела 1 и 2 како и собирање и транспорт на комунален отпад, потребни се:

(3 001 920,00 + 90.000,00 + 261 600,00 = 3 353 520,00 ) или

- **Вкупно : 3 352 520,00 денари**

2. <u>Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки и набавка на ХТЗ опрема, алати и материјали</u>

За парцелизирање на гробни јами, обновување на оградувањето со бетонски столбови и жица на сите локации каде што има гробишта (во Радовиш, Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево) особено на проширувањето на локацијата на градските гробишта во Радовиш како и замена на постоечка ограда од стариот дел на градската гробишта која е на граница на ул. Гоце Делчев потребни се :

А. Изработка на детален урбанистички проект за парцелизација :
120 000,00 денари

Б: Потребни човечки ресурси за изведба на градежни работи :
52 дена x 8 работника x 2 120,00 ден. дневница = 881 920,00 денари.

В. Потребен материјал за оградување (Ограда од железо-дрво, метална мрежа, метални и бетонски столбови)
паушално 500 000,00 денари.

Г. За изведување на активност и одржување на комуналната инфраструктура
(За бетонирање на патеки и потпорни ѕидови потребни се следните материјали):

- Песок 30м$^3$ x 1.500,00 = 45 000,00 ден.
- Цемент 200 вреќи x 440,00 ден. = 88 000,00 ден
- Даски за шелување 3м$^3$ x 13 000,00 ден = 39 000,00 ден.

ВКУПНО: 172 000,00 ден.

Д. Поединечно потребните алати и опрема за реализација на програмата се прикажани во табела 3:

<u>Табела бр.3:</u>

| Производ | количина | Ед. Цена/мера | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Метли (сламени или пластични) | 24 броја | 150 | 3 600,00 ден. |
| Мотики | 2 броја | 600 | 1 200,00 ден. |
| Гребули за лисја | 4 броја | 1800 | 7 200,00 ден. |
| Моторна грбна косачка | 4 број | 30000 | 120 000,00 ден. |
| Ножици за кроење со долги рачки | 2 броја | 1500 | 3 000,00 ден. |

Вкупно = 135 000,00 ден.

Ѓ. Во табела 4 е прикажана ХТЗ опремата за работниците на одд. “Гробишта “

Табела бр.4:

| Производ | количина | Ед. Цена/мера | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Работно одело летно | 6 броја | 2000 | 12 000,00 ден. |
| Работно одело зимно | 6 броја | 3500 | 21 000,00 ден. |
| ракавици | 150 броја | 100 | 15 000,00 ден. |
| чевли | 6 броја | 2000 | 12 000,00 ден. |
| чизми гумени | 6 броја | 750 | 4 500,00 ден. |
| флуоросцентен елек | 6 броја | 300 | 1 800,00 ден. |
| кабаници | 6 броја | 950 | 5 700,00 ден. |
| маици | 6 броја | 350 | 2 100,00 ден. |

Вкупно = 74.100,00 ден.

Вкупно за проектирање, парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови , бетонирање на патеки и набавка на ХТЗ опрема, алати и материјали (А+Б+В+Г+Д+Ѓ) потребно е средства од
(120 000,00+881 920,00+500 00,00+172 000,00+135 000,00+74 100,00 = 1 882 920,00) или

**Вкупно: 1 882 920,00 денари**

3. Административни работи и бруто плати за административни работници

Во реализацијата на оваа програма се опфатени и бруто личните доходи во административниот дел и тоа:

А.Раководител на одделение 840 000,00 денари годишно
Б.Финансово и материјално книговодство и наплата 1 047 300,00 денари годишно
В.Правни услуги 242 180,00 денари годишно

Вкупно за административни работи и бруто плата за административни работници (А+Б+В) потребно е средства од
(840 000,00+1 047 300,00+ 242 180,00 = 2 129 480,00) ил

**Вкупно: 2 129 480,00 денари**

Вкупно расходи за реализација на оваа програма по сите три основи (1+2+3) е
(3 352 520,00+1 882 920,00+2 129 480,00 = 7 364 920,00) или

**Вкупно: 7 364 920,00 денари** .

II. Планиран Приход

Одделението за гробишта се финансира од гробна такса( гробарина) што се наплаќа по регистриран корисник на комунални услуги на ЈП Плаваја и тоа во населените места каде што со одлука на советот се доделени ингеренциите за управување и одржување на гробиштата од страна на ЈП Плаваја Радовиш, резервација на гробно место, надомест за влез на оператори и надомест за влез на каменорезачи

Вкупно месечните приходи од такса (гробарина) се очекува да се наплатува од околу 4500 корисници и истата ќе изнесуваат околу 225.000,00 денари по месец, или за 12 месеци износот би требало да е 2.700.000,00 денари со 100% процент на наплата.
Дополнителни приходи се очекуваат од влез на оператори и влез на каменорезачи кој приходи од предходно искуство би биле околу 400.000,00 денари
Бидејќи расходите се планирани на 7.364.920,00 денари а приходите се 3.100.000,00 денари, се појавува разлика помеѓу приходите и расходите од <u>– 4.264.920,00 денари.</u>

Од сето погоре прикажано очигледно е дека ЈП Плаваја Радовиш не може со планираниот приход да ги покрие сите планирани активности кој создаваат расходи кои се јавуваат во извршувањето на оваа дејност и за да може во целост да се реализира програмата ќе треба да се обезбедат средства од други извори или да се покачи таксата за гробарина.

ЈП Плаваја-Радовиш
В.Д. Директор
Гоце Дединец

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 02-918/7
04.12.2024 год.
Радовиш

Врз основа на чл.15 од Статутот на ЈП Плаваја-Радовиш, Управниот Одбор на ЈП Плаваја-Радовиш на одржаната седница на ден 04.12.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на програмата за одржување на градски гробишта во Општина Радовиш, населените места Раклиш, Орaовица, Јаргулица и Покрајчево за 2025 година**

Управниот Одбор на ЈП Плаваја-Радовиш, ја разгледа предлог програмата за одржување на градските гробишта во Општина Радовиш, населените места Раклиш, Оразовица, Јаргулица и Покрајчево за 2025 година на ЈП Плаваја-Радовиш под бр.0102-913/1 од 03.12.2024 година и истата едногласно ја усвои.

## О б р а з л о ж е н и е

На одржаната седница на Управниот Одбор на ЈП Плаваја-Радовиш на ден 04.12.2024 година ја разгледа предлог програмата за одржување на градски е гробишта во Општина Радовиш, населените места Раклиш, Оразовица, Јаргулица и Покрајчево за 2025 година на ЈП Плаваја-Радовиш под бр.0102-913/1 од 03.12.2024 година и едногласно ја прифати предлог програмата онака како што е дадена.

ЈП Плаваја-Радовиш
Претседател на Управен Одбор

Наце Димитријев

Плаваја 129

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА - Радовиш

| Примено: 22.01.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0209 | 82/1 | | |

Врз основа на член 7 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ" број 111/08) и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 17 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш, на IX седница одржана на ден 23.12.2024 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за донесување на Програма за управување и одржување на градски гробишта на Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2025 година

I. Се донесува Програма за управување и одржување на градски гробишта на Општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица, Покрајчево за 2025 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-4751/1
Дата 23.12.2024 година
Радовиш

Советот на Општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

[illegible]
Telekom, cn=Makedonski
Telekom CA,
serialNumber=CRT358622 ...
cn=Strahil Gavritov